Бр./Nr 12-1194/2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

19-06-2023 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 88-та седница одржана на 16.06.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-1194/1 од 20.02.2023 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема основ за надлежно постапување од причина што се работи за доставена бројна документација од која не може да се утврди за што конкретно се сомевањата за прекршување на Законот.

Предметот со број 12-1194/1 од 20.02.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител на ден 20.02.2023 година, поднесена е пријава со наводи за злоупотреба на службената положба од страна на лица вработени во ____ ______ __ _______.

Станува збор за лица вработени во секторот за урбанизам и просторно планирање кои злоупотребувајќи ја својата службена положба и јавно овластување со сторени коруптивни активности овозможиле остварување на корист за други а и за себе си, а сето тоа на штета на трети лица. Од увидот на доставените списи во прилог на пријавата може да се утврди дека по однос на приложеното за истите наводи подносителот се обратил до повеќе државни органи заради надлежно постапување и преземање на конкретни активности, а за постапуваното и одлученото добивал соодветни одговори.

По разгледување на приложеното, ДКСК констатира дека нема основ за надлежно постапување од причина што се работи за доставена бројна документација од која не може да се утврди за што конкретно се сомевањата за прекршување на Законот, а по однос на пропратените претставки и пријави до други државни органи подносителот бил адекватно известуван.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил:П.Б

Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Катица Николовска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk